*Врз основа на член 383 од Законот за трговските друштва и одредбите од Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово, со седиште на ул.Илинденска бр.18-а, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871 – пречистен текст на Статутот заведен во Друштвото под број 0101-453/1 од 15.09.2021 година, Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, на седницата одржана на ден 30.01.2026 година во Тетово, ја донесе следната:*

интерпромет
а. д.
Бр. 0201-49/1
30.01 2026 год
Тетово

**О Д Л У К А**
**За измени и дополнувања на Статутот**
**на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово**

**Член 1**

*Со оваа одлука се врши измена и дополнување на Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово, со седиште на ул.Илинденска бр.18-а, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871.*

**Член 2**

**Членот 13** *од Статутот на Друштвото се менува, и изменет гласи:*

*Вкупната основна главнина на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово ќе биде во износ од 1.597.386 евра и истата ќе биде поделена на вкупно* **30.043** *акции од кои:*

- **29.702** *обични акции со вкупна номинална вредност од 1.579.255 евра и*
- **341** *приоритетни акции резервиран општествен капитал за поранешните сопственици, со вкупна номинална вредност од 18.131 евра.*

**Член 3**

*Поради потребата од усогласување со одредбите од Законот за трговски друштва, се менува* **членот 29 став 2** *од Статутот на Друштвото и истиот изменет ќе гласи:*

*Одлуките на Собранието, во принцип, се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас, присутни или претставени на Собранието.*

*Собранието одлучува со двотретинско мнозинство од вкупниот број акции со право на глас за следниве прашања:*

*а) носење одлука за измена и дополнување на Статутот на Друштвото;*
*б) одлуката за зголемување и намалување на основната главнина на Друштвото;*
*в) именување и разрешување на членовите на Надзорниот одбор;*
*г) разрешување на членовите на Управниот одбор и*
*д) одлука за присоединување, спојување и поделба на Друштвото и за престанок на Друштвото.*

*Со одлуките и заклучоците со кои на акционерите им се наложуваат поголеми обврски од тие што им се наложени со овој Статут или со кои на пооделени акционери им се намалуваат правата со овој Статут, потребна е согласност на сите акционери на кои им се зголемуваат обврските, односно им се намалуваат правата.*

**Член 4**

*Поради потребата од усогласување со одредбите од Законот за трговски друштва, се менува* **членот 45 став 2** *од Статутот на Друштвото и истиот изменет ќе гласи:*

*Надзорниот одбор брои 5 члена.*

*Членовите на Надзорниот одбор ги избира и отповикува Собранието на акционери со двотретинско мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас. При изборот се назначува кои членови се избираат како независни членови на Надзорниот одбор.*

*Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор се независни членови.*

*Пред да се пристапи кон избор, за секој кандидат во писмена форма, се објавуваат податоците определени со Законот за трговски друштва.*

Од редот на своите членови, Надзорниот одбор избира Претседател на Надзорниот одбор со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор може да го разреши Претседателот на Надзорниот одбор во било кое време и да избере нов Претседател.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 5 години.

Членовите на Надзорниот одбор можат повторно да бидат избрани за членови на Надзорниот одбор.

**Член 5**

*Поради потребата од усогласување со одредбите од Законот за трговски друштва, се менува* **членот 81** *од Статутот на Друштвото и истиот изменет ќе гласи:*

*Одлука за присоединување, спојување и поделба на Друштвото донесува Собранието на акционери со двотретинско мнозинство од вкупниот број акции со право на глас.*

**Член 6**

*Поради потребата од усогласување со одредбите од Законот за трговски друштва, се менува* **членот 82 став 1 точка 2** *од Статутот на Друштвото и истиот изменет ќе гласи:*

*Друштвото престанува со:*

1) *истекот на времето определено во Статутот, ако Друштвото е основано на определено време;*
2) *одлука на Собранието за престанување на Друштвото донесена со двотретинско мнозинство од вкупниот број акции со право на глас.*
3) *правосилна Одлука на судот се утврди ништовност на Друштвото и на уписот на Друштвото во трговскиот регистар;*
4) *присоединување, со спојување или поделба на Друштвото, со раздвојување со основање и со раздвојување со преземање;*
5) *стечај.*

*Одлуката за престанок на Друштвото се запишува во трговскиот ргистар на начин и постапка предвидена со Закон.*

**Член 7**

*Останатите одредби од Статутот на Друштвото остануваат непроменети.*

**Член 8**

*Се овластува и задолжува управниот одбор да изготви Пречистен текст на Статутот на Друштвото, како и да ги преземе сите со закон дозволени и пропишани дејствија заради упис на промените на Статутот и доставување на Пречистениот текст до Централниот регистар на Република Северна Македонија и Централниот депозитар за хартии од вредност.*

**Член 9**

*Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување.*

**О б р а з л о ж е н и е**

*Од страна на надзорниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, донесена е одлука број 0203-464/2 од ден 21.11.2025 година, со која е дадено претходно одобрение и е задолжен управниот одбор на друштвото да пристапи кон преземање на дејствија за поделба на друштвото со издвојување со основање на ново трговско друштво, како и да донесе соодветен План за поделба.*

*Од страна на управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, донесена е одлука за усвојување на план за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво од ден 24.11.2025 година, заведена во друштвото под архивски број 0202-466/2 од 24.11.2025 година. Воедно, изготвен е План за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво во форма на нотарски акт број ОДУ 498/2025 од ден 25.11.2025 година на нотар Нита Џафери-Исени од Тетово.*

*Во согласност со член 16 и 17 од Планот за поделба,* **1 (еден)** *акционер на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово се има произнесено дека за своите акции ќе преземе удел во новооснованото друштво кое настанува со реализацијата на Планот за поделба.*

*Поради таа причина, а во согласност со член 20 од Планот за поделба, се поништуваат акциите на* **1 (еден)** *акционер во ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово.*

*Истовремено, во согласност со членот 13 од Планот за поделба, основната главнина на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово се намалува сразмерно на номиналниот износ на акциите за кои акционерот презел удел во новоосновавото друштво.*

*Имајќи во предвид дека одредбите од Законот за трговски друштва се повеќепати менувани, а поради потребата за усогласување на одредбите од Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со одредбите од Законот за трговски друштва, во целокупниот текст од статутот, а во согласност со оваа одлука се врши усогласување на мнозинството потребно за одлучување, па наместо досега запишаното потребно тричетвртинско мнозинство се запишува двотретинско мнозинство.*

*Со оглед на горенаведеното, настапени се услови за измени и дополнувања на Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со цел соодветно запишување на горенаведената промена на основната главнина и бројот на акции во друштвото. Поради таа причина, Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово донесе одлука како во диспозитивот.*

**Собрание на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово**
**Претседавач:**

__________________________